Македонско здружение на млади правници

# Јавен повик за пополнување на пет (5) експертски позиции за изработка на прирачник

**Македонското здружение на млади правници за потребите од спроведување на проектот ”Заштита на правата на децата во кривични и граѓански постапки” поддржан од страна на УНИЦЕФ Македонија, објавува јавен повик за пополнување на 5 експертски позиции за изработка на прирачник на темата опфатена со насловот на овој проект.**

## 1. Опис и цели на проектот

Проектот има за цел да ја подобри заштита на правата на децата во кривичните и граѓанските постапки преку зајакнување на капацитетите на судиите, јавните обвинители и адвокатите во следните области: 1) ОН Конвенција за правата на детето, 2) кривично правна заштита на децата жртви и/или сведоци на насилство, вклучително посебни процесни заштитни мерки, еднаквост на оружјата, надомест на штета, меѓу-секторска и мулти-институционална соработка, 3) психологија на деца и адолесценти, 4) социјална педагогија, 5) социјална работа со деца, 6) криминологија со фокус на виктимизација на деца, 7) постапување во случаи каде постоело психичко насилство, врсничко насилство и насилство сторено преку интернет.
Прирачникот кој ќе биде изработен од страна на ангажираните експерти ќе биде тестиран и предложен заедно со модулот со цел инкорпорирање на истите во програмата на Академијата за судии и јавни обвинители на Република Македонија.

## 2. Опис на предложените позиции

**Еден (1) експерт во областа на кривично право**
**Еден (1) експерт во областа на социјална заштита**
**Еден (1) експерт во областа на педагогија**
**Еден (1) експерт во областа на психологија**
**Еден (1) експерт во областа на здравствена заштита**

## Работни задачи:

- Утврдување на темите во прирачникот прилагодени на тренинг модулот и методологијата изработени во рамките на проектот;
- Подготовка на текстови на утврдените теми прилагодени за судии, јавни обвинители и адвокати;
- Идентификување и анализа на релевантна литература за подготовка на прирачникот.

## Број на работни денови: 8
## Временска рамка 01.03 – 14.03.2018

## Потребни квалификации:

-Завршено високо образование во областа на:
правото (експерт во областа на кривично право), социјална работа и политика или сродни науки (експерт во областа на социјална заштита), педагогија или сродни науки (експерт во областа на педагогија), психологија или сродни науки (експерт во областа на психологија), медицина (експерт во областа на здравствена заштита);

- Најмалку 5 години работно искуство за секој експерт во поединечните области;

- Напредни истражувачки и аналитички способности;

- Искуство во изработка и подготовка на прирачници, практикуми и друг вид литература како учебно помагало би било предност.

## 3. Постапка и правила за пријавување, рок и избор

**Овој повик е јавен.**
Секој кој што ги исполнува потребните квалификации може да се пријави на овој повик со поднесување на CV на следниов е-маил: **contact@myla.org.mk** со назнака за која позиција аплицира. Во прилог на CV-то, кандидатот треба да испрати примерок/линк од прирачниците, практикумите или другите учебни помагала кои експертот ги изготвил.

**Рокот за аплицирање е Понеделник 26.02.2017 до 16:30 часот.**

Успешните кандидати ќе бидат информирани писмено за понатамошните активности.

## КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ НА ПРОЕКТОТ

**Македонско здружение на млади правници**

**Ул. Донбас 14/1-6, 1000 Скопје**
**Тел/факс 02/3220 870; website: www.myla.org.mk, E-mail: contact@myla.org.mk**